Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 06.08.2021

На 05.08.2021 околу 17.00 часот од страна на полициски службеници од СВР Тетово-ОВР Гостивар на автопатот Тетово-Гостивар, при влез во Гостивар, биле лишени од слобода А.Ж. (41) од Скопје и В.С.(24) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори".Имено, при контрола на патничко возило „фолксваген пасат", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Ж., каде како сопатник бил В.С., биле пронајдени пакување марихуана и пакување кокаин. Двете лица се приведени и задржани во Полициската станица Гостивар, а по документирање на случајот ќе следи и соодветен поднесок.

На 05.08.2021 околу 16.30 часот на наплатна рампа Желино на автопатот Скопје-Тетово, во координирана акција од страна на полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи и СВР Тетово, лишени се од слобода А.К.(28), државјанин на Р.Словенија и А.Р.(42) од Тетово. При преглед извршен во патничко возило „ланчиа", со тетовски регистарски ознаки, управувано од А.К., каде како совозач бил А.Р., биле пронајдени и одземени над 100 грама кокаин и пакување хашиш. Извршен е увид на лице место од страна на криминтехника при СВР Тетово, а двете лица се приведени во полициска станица и во координација со Јавен обвинител против нив ќе биде поднесена пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 05.08.2021, СВР Штип спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 43 мерки, меѓу кои 28 за управување возила со брзина поголема од дозволената, 7 за управување возило без возачка дозвола, 4 за непропишно престигнување, 1 за нерегистрирано возило, 1 за минување на црвено светло, 1 за користење мобилен телефон и 1 прекршок сторен од возач на мотоцикл.

Секторот за внатрешни работи Струмица на 05.08.2021, во периодот од 12.00 до 20.00 часот преземе засилени мерки во сообраќајот, при што биле констатирани 27 прекршоци, од кои шест санкции за возачи кои извршиле неправилно престигнување. За сите биле изречени соодветни санкции.

На 05.08.2021 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Охрид преземени се засилени сообраќајни контроли, при што полициските службеници регистрирале и санкционирале 21 возач на патнички моторни возила кои извршиле престигнување на недозволено место (Охрид-07, Струга-06, Кичево-05, Дебар-03).

На 05.08.2021 околу 21.55 часот во СВР Куманово било пријавено дека на автопат Скопје – Куманово, на околу еден километар пред наплатна станица „Романовце", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „ауди", со кумановски регистарски ознаки, управувано од С.В.(20) од Куманово и товарно возило „застава", со кумановски регистарски ознаки, управувано од Д.В.(55) од с.Старо Нагоричане, кумановско. На местото на незгодата починала М.М.(18) од Куманово, сопатничка во возилото „ауди". Додека, С.В. се здобил со тешки телесни повреди, а Д.В. се здобил со телесни повреди, констатирани во болницата во Куманово. Увид на местото извршиле екипа на СВР Куманово и Јавен обвинител, по чија наредба телото на почината било дадено на обдукција.

На 05.08.2021 во периодот од 07.00 до 12.00 часот МВР спроведе зајакната акциска контрола за санкционирање на возила кои непропишно престигнуваат на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 126 возачи. Од нив, 48 на територијата на СВР Тетово, 24 на подрачјето на СВР Битола, а 21 возач непропишно престигнувале на територијата на СВР Охрид.

На 05.08.2021 околу 16.15 часот во СВР Куманово било пријавено дека на локален пат Куманово-с.Романовце, кај место викано „Мачја глава", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген поло", со тетовски регистарски ознаки, управувано од малолетник од Куманово и патничко возило „бмв", со швајцарска национална ознака, управувано од А.Д.(29) од с.Романовце, кумановско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот на возилото „фолксваген поло" и друг малолетен сопатник во истото возило, додека со телесни повреди се здобиле А.Д. и С.Б.(39) од Куманово, совозач во возилото „бмв", констатирани во болницата во Куманово. Увид на местото на незгодата извршиле екипа на СВР Куманово и Јавен обвинител.

На 05.08.2021 Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 173 возачи. Од нив, осум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 87 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 86 надвор од населено место.

На 05.08.2021 околу 10.05 часот во СВР Куманово било пријавено дека на локалниот пат Куманово - с.Табановце, Љ.С.(83) од Куманово, управувајќи мопед „томос", изгубил контрола и излетал од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Љ.С., констатирани во Општа болница Куманово. Увид на местото извршила екипа од СВР Куманово.

На 05.08.2021 во 09.45 часот на автопат Гевгелија – Велес, на клучка „Миравци", полициски службеници сопреле патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Б.(49) од Гевгелија, а сопатници биле Е.И.(18) и А.К.(27), двајцата од Република Албанија. По извршени проверки, било утврдено дека албанските државјани немаат остварено легален влез на територијата на државата и тие биле приведени. По целосно документирање на случајот, против Б.Б. ќе биде поднесена кривична пријава по член 284 од Кривичниот законик - „вршење такси превоз без лиценца", додека Е.И. и А.К. ќе бидат изведени пред Судија за прекршоци при Основен суд Гевгелија.

На 06.08.2021 во 00.30 часот во Полициската станица Аеродром, М.Н.(39) од Скопје пријавил дека на ул.„Мите Богоевски" во Скопје неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 05.08.2021 во 13.10 часот во Полициската станица Кичево, Ѓ.М.(25) од Ресен пријавил дека на ул.„Маршал Тито" во Кичево бил каснат од куче скитник.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против М.С.(53) од с.Дебреше, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 08.04.2021 во атар на с.Дебреше, по претходна расправија, настанала физичка пресметка помеѓу пријавениот и Ф.М., при што на пријавениот му испаднал пиштол „Walter P-38" калибар 9 мм, во кој имало рамка со шест куршуми, а го поседувал без дозвола. Од екипа на Полициската станица Гостивар пиштолот му бил одземен.

На 05.08.2021 околу 15.00 часот во СВР Куманово било пријавено дека на бул.„Трета македонска ударна бригада" во Куманово, малолетник од Куманово, управувајќи мотоцикл „кимико", со кумановски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила Е.Ј.(32) од Куманово, сопатничка на мопедот, додека Д.Ј. се здобил со телесни повреди, констатирани во Општа болница Куманово. Увид на местото извршила екипа од СВР Куманово.

На 05.08.2021 во Полициското одделение Шуто Оризари, Ѓ.Д.(48) од Скопје пријавила дека нејзиниот 14-годишен син, за кој вчера (04.08.2021) беше пријавено дека се оддалечил од дома, бил вратен во домот.

На 05.08.2021 година во 10.56 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на крстосница од ул.„Стевка Тасева" и „Скопска" во Кочани се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл „зузуки", со винички регистарски ознаки, управуван од А.Т.(33) од с.Тркање, кочанско и товарно возило „мерцедес", со кочански регистарски ознаки, управувано од Ј.Ц.(22) од Кочани. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил А.Т., констатирани во Јавна здравствнена установа Кочани. Увид на местото извршила екипа од СВР Штип.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против А.Р.(40) од Струга, З.Р.(42) и Р.Р.(20), двајцата од струшкото село Теферич, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". Тие, на 23.06.2021 на паркинг простор од бензинска пумпа на магистралниот пат Струга - Ќафасан, физички со употреба на дрвен предмет нападнале две лица.

На 05.08.2021 година во 19.25 часот во СВР Тетово било пријавено дека на ул.„Благоја Тоска" во Тетово се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф", со тетовски регистарски ознаки, управувано од Б.И.(32) од Тетово и патничко возило „фолксваген поло", со тетовски регистарски ознаки, управувано од А.М.(27) од Тетово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил А.М., констатирани во Клиничка болница Тетово. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

На 05.08.2021 во 14.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Австралиска" настанал пожар во помошен објект на куќа, сопственост на З.Т., при што бил опожарен дворот со родни дрва и кровната конструкција на куќата. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 05.08.2021 година во 22.30 часот во Полициската станица Карпош, С.С.(41) од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот, во угостителски објект на подрачје на Карпош, добил вербални закани од С.К., кој потоа надвор од објектот физички го нападнал и му се заканил со огнено оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по што ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.08.2021 година во 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во хотел на подрачјето на Центар настанал пожар во делот кај помошните скали. Пожарот бил изгаснат од вработените, а повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 05.08.2021 во 21.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на ул.„Џон Кенеди" во Скопје едно лице со закана од вработената одзел пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.08.2021 во 16.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на главниот влез во фабрика на бул.„Борис Трајковски" настанал пожар во кој гори сува трева и дрвја. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет